САВА осигурување, а.д. Скопје
Бр. 02-32850/7
08.07.2025

ПУК– 1/2025

Број: од 09.07.2025 година
**Датум на примена: 01.08.2025 година**

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА КОЛЕКТИВНО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО-АМБУЛАНТСКО ЛЕКУВАЊЕ

## ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ
**Член 1**

(1) Овие посебни услови за осигурување на колективно осигурување за специјалистичко- амбулантско лекување (во понатамошниот текст: Посебни услови) се составен дел од договорот за осигурување што договорувачот на осигурувањето ќе го склучи со Сава осигурување а.д. Скопје (во понатамошниот текст: Осигурувач).
(2) Овие услови се применуваат на договорите за осигурување на лица со исклучок на оние видови на договори за осигурување лица кои изрично ја исклучуваат примената на овие услови.

## ЗНАЧЕЊЕ НА ПОИМИТЕ
**Член 2**

(1) Изразите наведени во овие услови го имаат следното значење:
1) договорувач е правно лице или физичко лице - работодавец кој со друштвото за осигурување склучил договор за осигурување и се обврзал дека ќе ја плаќа премијата за осигурвање од свои средства или ќе ја задржува од средствата на осигурениците.

## СПОСОБНОСТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ
**Член 3**

(1) Согласно овие услови може да се осигураат лица со живеалиште во Р. С. Македонија, кои се вработени кај договорувачот на осигурувањето.
(2) Ако е посебно договорено во договорот за осигурување, можат да се осигураат и членовите на потесното семејство на осигуреникот,
(3) Членови на семејство се брачни или вонбрачни партнери и нивните деца со иста адреса на живеење

## СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ОСИГУРУВАЊЕ
**Член 4**

(1) Договор за осигурување се склучува врз основа на понудата која друштвото за осигурување ќе ја состави одделно за договорувачот на осигурувањето, во зависност од неговата дејност и од видот на покритијата кои можат да се осигураат.
(2) За склучен договор за колективно осигурување, друштвото за осигурување на договорувачот на осигурување му издава полиса за осигурување за секое осигурано лице посебно.
(3) При пристапување кон колективно осигурување за договорувач со помалку од 50 вработени, секој осигуреник е должен да пополни Прашалник за здравствена состојба и прилог медицинска документација.
(4) При пристапување кон колективно осигурување за договорувач со повеќе од 50 вработени осигурувачот со договорувачот на осигурувањето потпишуваат договор за осигурување.
(5) Новвработениот може да се вклучи во колективно осигурување за времетраење на договорот за осигурување под исти услови како и останати осигуреници.

## ТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ
**Член 5**

(1) Доколку за времетраење на договорот за осигурување, во осигурувањето се вклучи новвработен кај договорувачот на осигурувањето, колективното осигурување за него ќе важи од првиот ден од наредниот месец од денот на известувањето за прием во осигурување.
(2) Колективното осигурување престанува со датумот на престан на работниот однос на осигуреникот. Договорувачот има обврска да го извести осигурувачот за прекинот на работниот однос. Осигурувачот е должен на барање на осигуреникот да ја врати премијата за преостанатиот период на траење на осигурувањето од прекинот на работниот однос, ако дотогаш не дошло до осигурен случај

## ДОПОЛНИТЕЛНИ ПОКРИТИЈА
**Член 6**

(1) Доколку посебно се договори, осигурувањето може да биде проширено за:
1) Покритие за хронична болест до лимит на осигурување наведен во полисата за осигурување. Под хронична болест се смета болест, повреда или состојба согласно член 2, став 2, точка 28 од Општите услови за специјалистичко лекување, но независно дали истата е претходна состојба или е новонастаната болест дијагностицирана како хронична во рамки на осигурителното покритие. Лекови за хронични болести не се вклучени во покритието. Кај хроничните болести каренца не се применува.
2) Покритие за очила и леќи на лимит на покритие наведен во полисата за осигурување. Покритието за очила и леќи важи при прва дијагноза на диоптер или при промена на веќе константираниот диоптер со доставување на медицинска потврда од страна на специјалист.
3) Покритие за користење на психолог до лимит на покритие наведен во полисата за осигурување

## ОДРЕДБИ ЗА БОНУС/МАЛУС
**Член 7**

(1) Бонус/малус се пресметува за договорувачи со склучена полиса по овие Услови, пресметан по одредбите за бонус/малус согласно Тарифата за осигурување.
(2) Договорувачот има право на бонус и врз основа на писмена потврда од претходното осигурително друштво во која се наведува дека во изминатиот период на осигурување постигнал штетен резултат помал од 50%.

## ВАЖНОСТ НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ
**Член 8**

(1) На осигурувањата склучени по овие Посебни услови се применуваат и Општите услови за специјалистичко – амбулантско лекување, доколку не се во спротивност со овие Посебни услови.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ
**Член 9**

(1) Овие Услови за осигурување се донесени на 20-та седница на Одборот на директори на Сава осигурување а.д. Скопје на ден 09.07.2025 година. Овие услови влегуваат во сила со денот на нивното донесување и ќе се применуваат од 01.08.2025 година.

*САВА осигурување, а.д. Скопје*
*Одбор на директори*
*Претседател*
*Рок Мољк*

Rok Moljk
Digitally signed by Rok Moljk
Date: 2025.07.10 11:00:18 GMT